**ТЕХНИЧКА ПРОЦЕДУРА**
**за проверка на работењето на машините за обработка на книжни и ковани пари со кои ракуваат обучените работници и клиентите на банките**

**Законска и подзаконска регулатива врз основа на која е изработен документот:**

| **Назив на прописот:** | **Објавен во:** |
|---|---|
| Закон за Народната банка на Република Северна Македонија | „Службен весник на Република Македонија" бр. 158/10, 123/12, 43/14, 153/15, 6/16 и 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 110/21 |
| Одлука за условите и начинот за снабдување со книжни и ковани пари | „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 149/21 |
| Одлука за условите и начинот на вршење надзор на снабдувањето со книжни и ковани пари | „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 149/21 |
| Одлука за утврдување на постапката за откривање и повлекување фалсификувани пари | „Службен весник на Република Македонија" бр. 42/11 |
| Упатство за спроведување на Одлуката за условите и начинот за снабдување со книжни и ковани пари | „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 169/21 |

## 1. Вовед

Согласно со законската и подзаконската регулатива на Народната банка на Република Северна Македонија (во натамошниот текст: Народната банка) банките и центрите за готовина се должни да ја проверуваат автентичноста и соодветноста на парите за оптек. За таа цел во оваа техничка процедура е дефинирана постапката на Народната банка за вршење проверка на начинот на работа на машините за обработка на книжните и кованите пари кои ги користат банките и центрите за готовина при контрола на количината, автентичноста и соодветноста за повторно пуштање во оптек на книжните и кованите пари.

## 2. Барање за проверка на машините

Народната банка го спроведува тестирањето на работата на машините за обработка на парите врз основа на барање(*) (Прилог 5 од Упатството за спроведување на одлуката за условите и начинот за снабдување со книжни и ковани пари) коешто е поднесено од

(*) https://www.nbrm.mk/ns-newsarticle-upatstvo-za-uslovite-i-nacinot-za-snabduvane-so-knizni-i-kovani-pari.nspx

банката, центарот за готовина, производителот, снабдувачот или од овластениот застапник на тие машини на територијата на Република Северна Македонија.

Во барањето се внесуваат сите потребни податоци коишто се однесуваат на работењето на машината за обработка на парите.

Доставените податоци во Народната банка не се презентираат на трети лица.

По приемот на барањето, Народна банка одредува датум за тестирање на машината и за тоа го информира подносителот на барањето. Тестирањето на машината од производителот или овластениот застапник се врши во просториите на Народната банка, освен во случаите кога транспортот до Народната банка е отежнат, тогаш тестирањето на машината може да се спроведе кај подносителот на барањето.

## 3. Објавување на резултатите од тестирањето на работењето на машините

По извршеното тестирање, Народната банка издава потврда за спроведеното успешно тестирање на машината за обработка на парите и тоа за ограничен временски период од една година. Единствено машините кои успешно го поминале процесот на тестирањето, се објавуваат на листата на успешно тестирани машини за обработка и селекција на парите, којашто Народната банка ја објавува на својата интернет-страница. Банките и центрите за готовина може да ги стават во употреба машините за обработка на парите доколку се успешно тестирани и доколку се наведени на листата објавена на интернет-страницата на Народната банка.

По секое извршено надградување на хардверскиот или софтверскиот дел на машините за обработка на парите коишто се успешно тестирани, банката, центарот за готовина, производителот, снабдувачот или овластениот застапник треба да достават барање за повторно тестирање на машината.

## 4. Категоризација на машините за обработка на книжните пари

За да се квалификува како машина за обработка на книжните пари, машината треба да ги обработува книжните пари, да ги селектира и физички да ги раздвојува според нивните карактеристики без интервенција на обучениот работник за работа на машината, во согласност со прилозите II-а и II-б од Одлуката за условите и начинот за снабдување со книжни и ковани пари.

Машините за обработка на книжните пари мора да имаат можност за приспособување на софтверот за препознавање на новите изданија или печатења на пари. Покрај тоа, тие треба да бидат приспособливи за да се овозможи поставување повеќе или помалку рестриктивни стандарди (нивоа) за сортирање, доколку има потреба од тоа.
Категории машини за обработка на книжни пари се:

I. Машини со кои ракуваат клиентите на банките, со следните поткатегории:

Табела 1

| | | |
|---|---|---|
| 1 | Машини за депонирање готовина (Cash in Machines - CIMs) | Овие машини им овозможуваат на клиентите на банката да депонираат книжни пари на своите банкарски сметки со користење банкарска картичка, но немаат функција да издаваат книжни пари. ЦИМ ја проверуваат автентичноста на книжните пари и овозможуваат следење на податоците на клиентот на |

(*) https://www.nbrm.mk/ns-newsarticle-upatstvo-za-uslovite-i-nacinot-za-snabduvane-so-knizni-i-kovani-pari.nspx

| | | |
|---|---|---|
| | | банката - сопственикот на сметката. Проверките на соодветноста за оптек се незадолжителни. |
| 2 | Машини за депонирање и повлекување готовина (Cash recycling machines - CRMs) | Овие машини им овозможуваат на клиентите на банката да депонираат и да повлекуваат книжни пари на/од своите банкарски сметки, со користење банкарска картичка. ЦРМ ги проверуваат автентичноста и соодветноста на книжните пари и овозможуваат следење на податоците на клиентот на банката -сопственикот на сметката. За повлекување, машините може да користат автентични и соодветни книжни пари коишто ги депонирале другите клиенти на банката во претходните трансакции. |
| 3 | Комбинирани машини за депонирање готовина (Combined cash in Machines - CCMs) | Овие машини им овозможуваат на клиентите на банката да депонираат и да повлекуваат книжни пари на/од своите банкарски сметки со користење банкарска картичка. ЦЦМ ја проверуваат автентичноста на книжните пари и овозможуваат следење на податоците на клиентот на банката - сопственикот на сметката. Проверките на соодветноста за оптек се незадолжителни. За повлекување, машините не ги користат книжните пари коишто ги депонирале другите клиенти на банката во претходните трансакции, туку само книжните пари со кои се наполнети одделно. |
| Други машини со кои ракуваат клиентите на банките | | |
| 4 | Машини за повлекување готовина (Cash out Machines - COMs) | Овие машини вообичаено се банкомати коишто ги проверуваат автентичноста и соодветноста на книжните пари за оптек пред да бидат повлечени од клиентите на банката. ЦОМ употребуваат книжни пари со кои се наполнети од вработените од банките - ракувачи со книжни пари или од други автоматизирани системи. |

II. Машини со кои ракуваат обучени работници, со следните поткатегории:

Табела 2

| | | |
|---|---|---|
| 1 | Машини за обработка на книжните пари (Banknotes processing machines - BPM) | Машини коишто ги проверуваат автентичноста и соодветноста на книжните пари за оптек, физички ги раздвојуваат сомнителните и несоодветните за оптек од оригиналните и соодветните за оптек пари |
| 2 | Машини за утврдување на автентичноста (Banknote autenticity machines - BAM) | Машини коишто ја проверуваат автентичноста на книжните пари и вршат селекција и сортирање на книжните пари на автентични и сомнителни и притоа ги отфрлаат сомнителните пари. |
| 3 | Машини за враќање на парите во оптек со помош на работници - благајници (Teller | Машини управувани од обучени работници коишто ги проверуваат автентичноста и соодветноста на книжните пари за оптек. За повлекувања, ТАРМ може да користат автентични и соодветни книжни пари за оптек коишто ги депонирале други клиенти во |

| | | |
|---|---|---|
| | assistant recycling Machines - TARMs) | претходните трансакции. Покрај тоа, тие безбедно ги чуваат книжните пари и им овозможуваат на работниците во банките да ги одобрат или да ги задолжат сметките на клиентите на банките. |
| 4 | Машини со помош на работници - благајници (Teller assistant machines - TAMs) | Овие машини се управувани од обучените работници коишто ја проверуваат автентичноста на книжните пари. Покрај тоа, тие ги чуваат книжните пари на безбедно и им овозможуваат на работниците во банките да ги одобрат или да ги задолжат сметките на клиентите на банките. |

Машините од двете категории потребно е да овозможат обработка и класификација на книжните и кованите пари согласно Одлуката за условите и начинот за снабдување со книжни и ковани пари. За новите изданија или печатења/ковања на книжни/ковани пари, Народната банка по барање на производителот или добавувачот на машините, обезбедува примерок на книжни/ковани пари за соодветно прилагодување на машината.

Во Табела 1 и Табела 2 не се опфатени:

Уреди за автентикација на книжни пари кои обработуваат единечни банкноти или серија банкноти без интервенција на корисникот, ги класифицираат парите како автентични или сомнителни, но без опција за автоматско физичко одвојување на сомнителните од автентичните книжни пари;

Уреди за автентикација на книжни пари кои бараат од корисникот сам да одлучи дали парата е автентична или не (т.е. помагала за верификација).

**5. Проверка на работењето на машините и нивна примена**

Народната банка врши тестирање на сите категории машини за обработка и селекција на книжните пари кои се наведени во Табела 1 и Табела 2.

За таа цел Народната банка воспоставува процедури за тестирање на различен тип машини за обработка на книжните пари.

Целта на овие тестови е проверка на способноста на одреден тип (модел) машина за обработка на книжни пари, успешно да ги одвојува автентичните од сомнителните книжни пари („тест за откривање фалсификати") и доколку е применливо, да ги сортира книжните пари според нивната соодветност за оптек („тест за проверка на функцијата сортирање"). За машините управувани од клиентите на банката, се проверува и правилното функционирање на системот за следење на корисникот („тест на системот за следење").

Тестовите се спроведуваат со користење тест сетови пари од сите деноминации кои се во оптек, составени од автентични и фалсификувани книжни пари, како што ќе биде наведено подолу. Бидејќи во секое време може да се појават нови фалсификувани книжни пари со карактеристики различни од оние на парите користени во тест сетот, треба да се има во предвид дека резултатите од тестовите објавени на интернет-страницата на Народната банка единствено ја потврдуваат способноста на тој тип на машина за обработка на книжни пари за откривање на фалсификатите содржани во тест сетот користен на денот кога е извршено тестирањето.

Следствено, Народната банка ги повикува производителите/дистрибутерите да ги следат случувањата на полето на фалсификувањето и редовно да ги ажурираат/надградуваат своите машини со цел да бидат сигурни дека ново креираните фалсификати исто така можат веродостојно да бидат детектирани.

Сите тестови ги следат истите процедури и се вршат во соработка со производителите/дистрибутерите на машината.

### 5.1 Проверка на способноста на машините за идентификување фалсификувани книжни пари

Тестот за откривање фалсификат се спроведува со стандардизиран тест сет, кој е составен од различни типови на фалсификувани книжни пари пронајдени во оптек.

Во тек на тестирањето се проверува способноста на машините за препознавање на фалсификуваните книжни пари од сите деноминации, во сите ориентации кои ги поддржува машината.

Машината за обработка на книжни пари успешно го поминала тестот доколку:

(а) ниту еден од фалсификатите од тест сетот не се класифицирани како автентични книжни пари (категорија 4 или 5 од ПРИЛОГ IIа Табела 3 или категорија 2 или 3 од ПРИЛОГ IIб Табела 4 од Одлуката за условите и начинот за снабдување со книжни и ковани пари);

(б) за машините управувани од клиентите на банката со овозможено следење на трансакцијата, 90% од фалсификуваните книжни пари треба да бидат класифицирани во категоријата 2 и 3 (Табела 3), односно дозволено е само 10% да бидат класифицирани во категоријата 1 (Табела 3).

#### 5.1.1. Проверка на способноста на машините за идентификување фалсификувани ковани пари

Проверката на способноста на машините за идентификување на фалсификуваните ковани пари и вреднување на резултатите се врши на ист начин како и кај проверката на способноста на машините за идентификување на фалсификувани книжни пари.

### 5.2 Проверка на способноста на машините за утврдување на квалитетот на книжните пари според нивната соодветност за оптек

Тестот на способноста на машините за сортирање на парите („тест за проверка на функцијата сортирање") се спроведува со помош на сет автентични книжни пари кои не се соодветни за оптек и покажуваат знаци на излитеност и дефекти предизвикани од секојдневната употреба и одредена количина на автентични книжни пари, соодветни за оптек.

Тестот се спроведува така што се тестира машината со целиот сет во сите можни ориентации кои се поддржани од машината.

Тестирањето е успешно доколку не повеќе од 5% од книжните пари несоодветни за оптек се класифицирани и физички одвоени во категоријата 4 (Табела 3) или категоријата 2 (Табела 4) од Анексите IIа или IIб на Одлуката за условите и начинот за снабдување со книжни и ковани пари, соодветно и сите книжни пари од оние апоени и/или изданија кои

не се поддржани од машината или внесени во машината во ориентации што не се поддржани од неа, се отфрлени од машината.

### 5.2.1. Проверка на способноста на машините за утврдување на квалитетот на кованите пари според нивната соодветност за оптек

Проверката на способноста на машините за утврдување на квалитетот на кованите пари според нивната соодветност за оптек и вреднување на резултатите се врши на ист начин како и кај проверката на способноста на машините за книжни пари.

### 5.3 Проверка на системот за следење на трансакцијата

Тестот на системот за следење на трансакцијата, кој се спроведува само за машините со кои ракуваат клиентите на банката, е успешен доколку машината за обработка на книжни пари чува податоци за сопственикот на сметката за сите пари класифицирани во категориите 2 и 3 (Табела 3) од Анекс IIа од Одлуката за условите и начинот за снабдување со книжни и ковани пари и веродостојно ги поврзува сите овие пари со податоците за соодветниот сопственик на сметка.